## ЧЛЕНСТВО

Членоството во Здружението е регулирано со членовите 11, 12, 13, 14, 15 И 16 од Статутот на НАНОМАК.

**Член 11**

Здружението го сочинуваат и е конституирано од негови индивидуални членови, кои врз доброволна основа го прифатиле и се придржуваат кон овој Статут, намената и целите и Програмата на Здружението, како и Договорот за здружување на инженерските здруженија во асоцијативната Инженерска институција на Македонија како заедничка здружена професионална организација на инженерите од сите струки во нашата земја за потреби и прашања од заеднички интерес.

**Член 12**

Секој државјанин на Република Македонија, кој работи во некое од професионалните полиња на наноматеријалите и нанотехнологиите , науките одобласта на наноматеријалите и нанотехнологиите како дипломиран инженер едукатор, изведувач, иноватор, истражувач, научник, конструктор и проектант и автор на научни дела може да стане член на *Здружението* за наноматеријали и нанотехнологии (во натамошен текст: член) ако искаже желба за тоа (во писмена форма), ако ги прифати обврските и правата на членот кои произлегуваат од овој Статут и ако ги почитува Принципите на инженерската етика во рамките на асоцијацијата на инженерите на Република Македонија. Со овој чин, преку Здружението, тој наедно е и член на Инженерската институција на Македонија (ИМИ).

Покрај државјаните на РМ, членови на Здружението од претходниот став, а со тоа и на Институцијата ИМИ, но под истите наведени услови, може да стане и странски државјанин кој професионално е ангажиран во некое од професионалните полиња на инженерството, науките и технологиите од областа на наноматеријалите и нанотехнологиите .

**Член 13**

Индивидуалното членство може да биде во еден од следниве статуси:

- член - инженер;
- член - дипломиран инженер;
- овластен самостоен инженер.

Во Здружението за наноматеријали и нанотехнологи, како и во Институцијата ИМИ, се препознатливи и следниве посебни статуси:

- истакнат член;
- заслужен член;
- почесен член.

Заинтересираните кандидати можат да се здобијат со статус според определени критериуми и утврдена постапка за предходно вреднување на стручното рамниште, јавната репутација и личните вредности, и придонесите за инженерската професија воопшто и, одделно, за науката и технологиите од областа на наноматеријалите и нанотехнологиите , и исто така и за придонесите за матичното Здружение или за Инженерската институција на Македонија (ИМИ). Определените критериуми и утврдената постапка се регулирани одделно со акт на Здружението.

**Член 14**

Членовите на Здружението, според начин и правила дефинирани во овој Статут, ги имаат и остваруваат следниве права:

- да ги изразуваат слободно и отворено своите идеи, мислења и ставови и да даваат предлози за акции кон подобрување на работата, на јавните настапи и други активности на Здружението согласно со овој Статут, како и за остварувањето и заштитата на стратешките интереси и права на научната интелегенција во областа на наноматеријалите и нанотехнологиите ;
- да даваат предлози за дејствување кон подобрување на стручните и научни активности и формите на едукативно-обучувачка дејност во рамките или под покровителство на Здружението или на Инженерската институција на Македонија;
- да партиципираат активно и рамноправно во остварувањето на сите намени и цели и Програмата на Здружението дефинирани со овој Статут;
- да партиципираат активно и рамноправно во остварувањето на сите активности што се преземаат од името на Здружението;
- да предлагаат и да бидат предлагани како и да избираат и да бидат избирани во сите органи, комисии и работни тела на Здружението;
- да номинираат свои кадри за сите стручни тела на Здружението за кои имаат интерес, кои се конституираат според принципот на еднаква застапеност на четирите основни струкови области;
- да номинираат свои кадри за управните органи и истакнати раководни места на Здружението;
- да номинираат свои кадри за официјалните делегации и индивидуални кандидати на Здружението во Инженерската институција на Македонија;
- да имаат увид во сите активности и документи на Здружението.

**Член 15**

Членовите на Здружението ги имаат следниве обврски:

- да ги почитуваат принципите, регулативите, одлуките и сите правосилни документи на Здружението, утврдени и донесени со овој Статут;

- да учествуваат активно во извршувањето на разни задачи преземени во име на Здружението за исполнување на нејзините цели сообразно со нивната професионална преокупација;
- да учествуваат активно во стручните и другите професионални активности преземени во име на Здружението сообразно со нивната професионална преокупација;
- да учествуваат активно во јавните активности на Здружението и на Институцијата ИМИ во интерес на сталешко-професионалниот статус и правата на инженерите;
- да партиципираат во остварувањето на финансиската програма на Здружението, сообразно со утврдената регулатива од страна на надлежните органи, а во согласност со начелата дефинирани во овој Статут.

**Член 16**

Членството во Здружението, а со тоа и на Институцијата ИМИ, на членовите може да престане во следните случаи:

- врз основа на поднесен писмен документ - барање за истапување од Здружението, како неотуѓиво лично право на човекот и граѓанинот;
- врз основа на одлука за исклучување донесена од Собранието на Здружението заради сериозно кршење на овој Статут и на Принципите на инженерската етика, а по спроведена постапка на статутарно надлежната дисциплинска арбитража на Здружението со која е утврдено постоење на намерно дејство против интересите на Здружението или пак погазување на професионалната инженерска етика;
- врз основа на поништување на членството поради неплаќање на индивидуалната членарина подолго од 2 (две) години, а не се работи за случај на подолготрајна невработеност.